# „При нужда, не се свртувајте кон киблата ниту со лицето, ниту со грбот. Наместо таа насока, свртете се кон истокот или западот.“

Од Ебу Ејуб ел Енсари, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот веровесник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „При нужда, не се свртувајте кон киблата ниту со лицето, ниту со грбот. Наместо таа насока, свртете се кон истокот или западот.“ Ебу Ејуб рекол: „Кога пристигнавме во Шам, најдовме нужници изградени свртени кон киблата, се свртувавме налево или надесно и баравме прошка од Возвишениот Аллах.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му забранил на оној што сака да изврши мала или голема нужда да биде свртен кон киблата, односно кон Ќабата, било со лицето или со грбот. Наместо тоа, треба да биде свртен од неа, насочувајќи се кон исток или запад, ако неговата кибла е како онаа на жителите на Медина (кон југ). Потоа Ебу Ејуб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека кога пристигнале во Шам, виделе нужници изградени и свртени кон Ќабата. Поради тоа, со своите тела се свртувале од правецот на киблата и покрај тоа барале прошка од Аллах.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee